**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-303/12**

**Скопје, 03.04.2006 година**

**До**
**Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје - Скопје**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје (во понатамошниот текст Здравствен дом) за 2004 година кои се прикажани на страните од 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Здравствен дом за 2003 година и извештај за ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   › Д-р Тихомир Матевски - В.Д. Директор на Здравствен дом Скопје - Скопје

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 9, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 11.01.2006 до 13.02.2006 година и од 20.02.2006 до 21.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   › Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   › Цвета Ристовска - самостоен ревизор,
   › Татјана Димитровска - ревизор и
   › Зоран Богоевски - помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 23.03.2006 година, добиени се забелешки на претходниот извештај заведени под број 03-1250/1. Истите беа разгледани при што е утврдено дека забелешките на точките 10.1.2; 10.1.3; 10.1.4; 10.1.5; 10.2.1; 10.2.2; 10.3.3 и 10.4 се прифатени и превземени мерки по истите, додека забелешките на точките 10.3.1 и 10.3.2 не се прифаќаат од причини што истите се законска обврска на субјектот.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**11. 1. Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметувањето и плаќањето на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Нерегулираните односи помеѓу Здравствениот дом и Фондот придонесуваат наплатата на здравствените услуги да се врши авансно и тоа во износи за реалните потреби за исплата на плата, надоместоци и други материјални и тековни расходи од работењето, а не во висина на фактички извршените здравствени услуги од страна на Здравствениот дом.

**Препорака:**

Ревизијата недава препорака по оваа точка бидејќи од страна на Здравствен дом превземена е иницијатива и поднесено е Барање за склучување договор за остварување на здравствена заштита за 2006 година број 03-155/1 од 16.01.2006 година до Фондот за здравствено осигурување на Македонија. До завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Фондот.

11.1.2. Здравствениот дом нема извршено усогласување на постојните акти: Статутот, Правилникот за организација на работата и систематизација на

работните места и останатите интерни акти со Законот за здравствена заштита, спротивно на одредбите од истиот. Поради неусогласеност со законската регулатива, Здравствениот дом своето работење го спроведува по законски одредби кои не се на сила.

**Препорака:**
Актите на Здравствениот дом да се усогласат со постојната законска регулатива.

11.1.3. Со планот на трошоци и приходи за обезбедување на здравствените услуги на осигурените лица за наредна година кој Здравствениот дом го доставува до Фондот за здравствено осигурување на Македонија, не се предвидуваат средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи од минати години, спротивно на член 26 од Законот за буџетите. Поради непочитувањето на законската регулатива, предвидените расходи во планот се нереално и необјективно искажани.

**Препорака:**
Планот на трошоци и приходи да ги содржи реалните расходи за тековната година.

11.1.4. Здравствениот дом нема обезбедено имотни (поседовни) листови за дел од правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Истите се необезбедени, што придонесува Здравствен дом за 84% од евидентираните материјални средства да не располага со документација за доказ на сопственоста.

**Препорака:**
Во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да се превземе иницијатива за запишувањето на недвижностите да се изврши по службена должност согласно член 10 став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со што запишувањето ќе биде ослободено од надоместок.

11.1.5. Здравствен дом финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

11.1.6. Набавката на лекови од Листата на лекови се врши врз основа на доставен Преглед на склучени договори за испорака на лекови помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и добавувачите, а по претходно спроведени постапки за јавна набавка од страна на Фондот. Прегледот не содржи податоци за количината на лекови кои Здравствениот дом може да ги набави во тековната година, а врз набавените количини не се врши контрола од страна на Фондот. Со вака воспоставен начин на набавка на лекови од Листата на лекови, на Здравствениот дом му се овозможува да врши набавки со кои постои можност да се надминат договорените количини прикажани во Прегледот, спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и поднесено е Барање до Фондот за доставување на Преглед за количините на лекови и медицински материјали кои Здравствен дом може да ги набави во тековната година преку Фондот за 2006 година број 03-156/1 од 16.01.2006 година. До завршувањето на ревизијата не е добиен бараниот Преглед од страна на Фондот.

11.1.7. Испораката на лекови и медицински материјали во пооделните работни единици се врши од страна на Здравствен дом, врз основа на доставени барања од единиците по видови и количини за потребите, систематизирани од барањата на секоја поликлиника и амбуланта во нивни рамки, без претходно воспоставен систем на контрола над трошењето и залихите, спротивно на одредбите од Статутот на Здравствен дом Скопје за следење на материјално-финансиското работење. Поради воспоставениот начин на работа Здравствениот дом нема увид над реалните залихи и потребата од наведените материјали во секое наредно барање.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и донесен е Правилник за следење на материјално-финансиското работење во ЈЗО „Здравствен дом на Скопје„ – Скопје, во делот на потрошувачката за залихите и потребите од нови набавки на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала и немедицински материјали, како и Одлука за формирање на комисии согласно Правилникот за секоја работна единица одделно.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:**

11.2.1. Со ревизијата на побарувањата за партиципација - учество на осигуреното лице со лични средства во цената на здравствените услуги и на лекови, констатирани се следните неправилности:

- Не се евидентира побарување за средствата од партиципација кои се плаќаат во здравствените установи, како ни обврската за уплата на истите, како приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, спротивно на член 36 од Законот за здравствено осигурување. Непочитувањето на законската регулатива придонесува нереално искажување на побарувањата и обврските по овој основ во во текот на годината;
- Не е воспоставена евиденција за побарувања на средствата од партиципација од секоја работна единица со аналитичка пресметка за обврската на секоја поликлиника, амбуланта одделно, спротивно на

член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Непочитување на законската регулатива и немањето на процедури, придонесува Здравствениот дом да нема евиденција за обврските на секоја здравствена установа-поликлиника, амбуланта пооделно по овој основ.

**Препорака:**
Да се врши евидентирање на побарувањата и обврските на секоја работна единица по основ на партиципација во сметководствената евиденција на Здравствениот дом. За обврските по основ на уплатената партиципација од страна на осигурениците да се задолжува секоја работна единица и понатаму секоја поликлиника и амбуланта пооделно, како и да се донесат процедури или интерни упатства со кои ќе се дефинираат обврските по овој основ во секој сегмент одделно.

11.2.2. Здравствениот дом има побарувања за повеќе платен данок од добивка, за што се вршела пресметка и плаќање во минати години, спротивно на член 34 од Законот за Данок од добивка. Неспроведувањето на законската регулатива и покрај превземените мерки за негов поврат, придонесува евидентирани побарувањата во овој основ во износ од 1.011 илјади денари.

**Препорака:**
Да се превземат мерки за поврат на повеќе уплатените средства за данок од добивка,

11.2.3. За самостојно укажување на здравствена заштита, здравствените работници полагаат стручен испит заради добивање на лиценца за работа, за која се плаќа паричен надоместок. Здравстевниот дом не врши евидентирање на побарувањата за надоместокот за полагање на стручниот испит, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради непочитување на законската регулатива, не се евидентирани побарувања од здравствените работници по овој основ. Уплата на надоместокот претставува приход за Здравствениот дом во моментот на уплата на средствата без претходно евидентирање по истите.

**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и евидентирањето на побарувањата за полагање на стручен испит отпочнато е да се врши согласно доставените пријави на кандидатите.

11.2.4. Евидентирањето на обврските по извршените набавки за основни средства се врши во моментот на распределбата на средствата по одделни подрачни единици, а не со денот на прием на фактурата, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Ненавременето евидентирањето на деловните промени придонесува евидентираниот износ на обврски на определен датум, да не го претставува реално превземениот износ на обврски.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки и евидентирањето на финансиските промени, трансакции во деловните книги отпочнато е да се врши навремено, хронолошки и по временскиот редослед на нивното настанување.

**11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:**

11.3.1. Евидентирањето на финансиските трансакции во минати години не е вршено со примена на сметководственото начело на парично искажување, поради што ревизијата констатираше:

- неусогласеност помеѓу позициите Капитални средства и Извори на капиталните средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 36.139 илјади денари,
- неусогласеност помеѓу позициите Материјали на залиха и Резервни делови на залиха и Останат капитал (залихите на материјали резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) во Билансот на состојба на ден 31.12.2004 година во износ од 14.519 илјади денари,
- Неусогласеност на податоците на состојби на Спорните и сомнителни побарувања и Вредносното усогласување на побарувањата за износ од 1.660 илјади денари и
- неусогласеност на состојби на Побарувања од купувачи – правни лица за извршени здравствени услуги и Пасивни временски разграничувања во износ од 184 илјади денари,

спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непримената на законската регулатива и неизвршеното усогласување на сметките при промена на истите придонесува нереално и необјективно прикажани билансни позиции.

**Препорака:**
Да се усогласи состојбата на сметките искажана на ден 31.12.2004 година согласно начелото на парично искажување.

11.3.2. Со Програмите за здравствена заштита донесени од страна на Владата на Република Македонија утврдени се мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. За дел од извршените здравствени услуги по одделни Програми, за износот на средствата за здравствени услуги и лекови на осигурените лица, намалени за износот на партиципацијата, не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за регулирање на меѓусебните односи, спротивно на одредбите од Програмите за здравствена заштита. Нерегулираните односи помеѓу Здравствениот дом и Фондот, како и непреземањето на мерки за наплата на вкупните побарувањата по основ на Програмите, придонесува Здравствениот дом да има побарувања во износ од 30.751 илјади денари.

**Препорака:**
Да се склучат договори помеѓу Здравствениот дом и Фондот, како и да се превземат мерки за наплатата на побарувањата за извршените здравствени услуги согласно Програмите.

11.3.3. Обврските спрема добавувачи во земјата за услуги, набавени од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за

потребите на Здравствен дом се нереално искажани во износ од 4.228 илјади денари, спротивно на член 7 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, поради недоставени и неевидентирани фактури во износ од 1.185 илјади денари, за кои согласно книжните известувања од Фондот се извршени плаќања по истите и неевидентирани плаќања по фактури во износ од 5.413 илјади денари, за кои во Фондот не постои обврска за истите. Поради некомлетната документација и нејзиното неевидентирање, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Евидентирањето на деловните трансакции да се врши согласно настанувањето на истите и да се врши усогласување за превземените обврски и плаќањето со Фондот.

### 11.4. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки

- Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија за набавки на лекови и медицински материјали, спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Напоменуваме дека во периодот додека е вршена ревизијата превземени се мерки од страна на Здравствен дом и поднесено е Барање за склучување договор за групна набавка на лекови и медицински материјали број 03-157/1 од 16.01.2006 година до Фондот за здравствено осигурување на Македонија. До завршувањето на ревизијата не е добиен одговор од страна на Фондот.
- Не е завршена постапка за јавна набавка со склучување на договор со избраниот понудувач во износ од 2.663 илјади денари, спротивно на член 84 и 86 од Законот за јавни набавки.
- Вршени се набавки со непосредно спогодување во износ од 3.016 илјади денари без да се склучи договор со избраниот понудувач, спротивно на член 61 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ број 21/2002).

Неспроведувањата на постапки за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.2.1, 11.2.3, 11.2.4, 11.3.1. и 11.3.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Јавна здравствена организација „Здравствен дом на Скопје„ – Скопје, на ден 31.12.2004 година, резултатот од финансиките активности за годината која завршува со тој датим, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1. до 11.4, кај Јавна здравствена организација „Здравствен дом на Скопје„ – Скопје остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Здравствен дом во текот на ревизијата:**

**14.1. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба:***

- Нематеријалните средства и Извори на капитални средства се искажани во помал износ за 240 илјади денари поради неевидентиран лиценциран софтвер.
- Материјалните средства и Изворите на капитални средства се искажани во помал износ за 2.084 илјади денари поради:
  - неевидентирани градежно-занаетчиски работи во износ од 658 илјади денари,
  - поради погрешна сметководствена евиденција на примени средства по основ на донации во износ од 403 илјади денари,
  - поради евидентирана ревалоризација на средствата без соодветна сметководствена евиденција во износ од 1.023 илјади денари.
- Активните временски разграничувања се искажани во помал износ за 662 илјади денари поради неевидентирана обврска по основ на склучени договори за дело за месец декември 2004 година, Други краткорочните финансиски обврски се искажани во помал износ од 563 илјади денари за месечниот надоместок за лицата и Обврските за даноци и придонеси по договор за дело и авторски дело обврски се искажани во помал износ од 99 илјади денари за неплатениот данок по истите.
- Обврските за примени аванси за извршени здравствени услуги од страна на Фондот за периодот од 2001 до 2004 година и Активните временски разграничувања се искажани во помал износ од 662.939 илјади денари.

15. Во тек се судски постапки, чиј исход ќе има влијание на износот на побарувањата на Здравствениот дом и тоа за утужени побарувања од купувачи во земјата за извршени здравствени услуги во износ од 9.792 илјади денари.

16. Со примена на постапките за независно усогласување за побарувањата, од вкупно испратените конфирмации добиени се 38,89%, од кои 85,71% се усогласени, додека 14,29% не се усогласени со евиденцијата на Здравствениот дом. Со примена на постапките за независно усогласување за обврските, од вкупно испратените конфирмации добиени се 35,56% од кои 62,50% се усогласени, додека 37,50% не се усогласени со евиденцијата на Здравствениот дом.

17. Здравствен дом заклучно со 31.12.2004 година има склучено 88 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. На барање на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, а врз основа на Заклучокот од седницата на Владата на Република Македонија одржана на 29.12.2003 година за подготвување на листа на слободни работни места во јавните здравствени установи, доставена е информација за потреба од нови вработувања на испразнети работни места (барањето се однесува за работните места за кои се ангажирани лица по договор за дело), за кои во текот на 2004 година е добиена согласност од Министерство за финансии за само 24 нови вработувања.

    Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

18. Јавната здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија превзема мерки за воспоставување систем на договорно финансирање. Во таа насока во тек е усогласувањето и одобрувањето на изготвените Проекции и согледувања за приходите и расходите по намени за 2005, 2006 и 2007 година од страна на Фондот, согласно усвоените Процедури за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за буџетите на јавните здравствени установи.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 30.03.2006 година**

**Владимир Милојевиќ**

**Јавна здравствена организација „Здравствен дом на Скопје„ - Скопје**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 42,926 | 38,482 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 887,427 | 948,945 |
| **Вкупно приходи** | | **930,353** | **987,427** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 679,817 | 747,620 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 255,867 | 249,663 |
| Каматни плаќања | 3.1.3. | 22 | 150 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **935,706** | **997,433** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 2,545 | 1,211 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2,545** | **1,211** |
| **Вкупно расходи** | | **938,251** | **998,644** |
| **Непокриени расходи** | | **7,898** | **11,217** |

**Јавна здравствена организација „Здравствен дом на Скопје„ - Скопје**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА СО ЕФЕКТИ ОД РЕВИЗИЈАТА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 22,225 | 16,373 |
| Хартии од вредност | 4.1.2. | 0 | 883 |
| Побарувања | 4.1.3. | 37,372 | 45,467 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 277 | 330 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 1,011 | 1,011 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 744,160 | 41,027 |
| Залихи | 4.1.7. | 21,200 | 21,905 |
| **Вкупно тековни средства** | | **826,245** | **126,996** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2. | 240 | 0 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2. | 133 | 133 |
| Материјални средства | 4.2. | 366,520 | 381,150 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2. | 1,657 | 102 |
| **Вкупно постојани средства** | | **368,550** | **381,385** |
| **Други средства** | 4.3. | 0 | 3 |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.4. | 42,193 | 34,295 |
| **Вкупна актива** | | **1,236,988** | **542,679** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 106,979 | 91,191 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.5.2. | 662,994 | 421 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.5.3. | 571 | 8 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.5.4. | 103 | 4 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.5.5. | 305 | 387 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.6. | 49,174 | 24,467 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.7. | 35,576 | 31,372 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **855,702** | **147,850** |
| **Долгорочни обврски** | **4.6.** | **0** | **1** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.7.1. | 381,286 | 394,828 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **381,286** | **394,828** |
| **Вкупна пасива** | | **1,236,988** | **542,679** |

**Јавна здравствена организација „Здравствен дом на Скопје„ - Скопје**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **387,442** | **7,386** | **394,828** |
| **Зголемување по основ на:** | **8,961** | **184,940** | **193,901** |
| Набавки | 2,545 | 184,940 | **187,485** |
| Донации | 1,084 | | |
| Пренос од една во друга работна единица | 1,451 | | **1,451** |
| Зголемување на главница | 1,557 | | **1,557** |
| Прифатени корекции од ревизија | 2,324 | | **2,324** |
| **Намалување по основ на:** | **(21,798)** | **(185,645)** | **(207,443)** |
| Потрошок | | (185,645) | **(185,645)** |
| Амортизација | | | **0** |
| Примени донации | (4) | | **(4)** |
| Прифатени корекции од ревизија | (1,023) | | **(1,023)** |
| Расход по попис | (59) | | **(59)** |
| Кусок по попис | (2) | | **(2)** |
| Пренос од една во друга работна единица | (1,451) | | **(1,451)** |
| Амортизација | (19,259) | | **(19,259)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **374,605** | **6,681** | **381,286** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Бр. 1204-303/13***
***15.05.2006 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 27 од Законот за државната ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004-Пречистен текст) и добиен Приговор по Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје за 2004 година бр. 03-1819/1 од 03.05.2006 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1.Приговорот на точките 11.1.2. од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје за 2004 година делумно се прифаќа.

2.Приговорот на точките 11.1.4, 11.3.1. и 11.3.2 од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје за 2004 година не се прифаќа.

3. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај претставува прилог на Конечниот извештај и интегрално се интерпретира во Годишниот извештај.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавна здравствена организација Здравствен дом на Скопје – Скопје за 2004 година поднесен е приговор бр. 03-1819/1 од 03.05.2006 година.

Образложенијата за неприфаќање на приговорите се следните:

1. Приговорот на **точката 11.1.2.** од Конечниот извештај **делумно се прифаќа**, односно се додава став два и гласи: , „Здравствениот Дом поднел Барање за согласност на Статутот на ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје број 03-4494/1 од 23.11.2005 година до основачот Владата на Република Македонија – ресорно Министерство за здравство. До завршувањето на годината не е добиен одговор од страна на ресорното Министерство„.

2. Приговорот на **точката 11.1.4.** од Конечниот извештај **не прифаќа**, од причини што истиот не претставуваат приговор туку образложение за превземени мерки на констатираната состојба во 2006 година.

3. Приговорот на **точката 11.3.1.** од Конечниот извештај **не се прифаќа**, од причини што согласно законските прописи состојбите на споменатите позиции во конечниот извештај треба да бидат усогласени.

4. Приговорот на **точката 11.3.2.** од Конечниот извештај **не се прифаќа**, од причини што истиот не претставуваат приговор туку образложение на констатираната состојба, за непревземени мерки за наплата на побарувањата.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Скопје, 12.05.2006 година

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**